Врз основа на член 190 став 1 и членовите 69 и 184 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија, бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 12.07.2013 година, го утврди неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност. Неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност ги опфаќа: Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност (Службен весник на РМ број 6/2007) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност (Службен весник на РМ број 108/2008).

**Број 01-1326/1**
**Скопје, 12.07.2013 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија**
**Претседател**
**М-р Елизабета Чингаровска**

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНА НА МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## (неофицијален пречистен текст)

### Член 1

Со Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност се уредува содржината на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Депозитар), што се доставува до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: Правилник).

### Член 2

Депозитарот е должен да достави месечен извештај за работењето до Комисијата за хартии од вредност, во писмена и електронска форма, најдоцна до 7-ми во тековниот месец за претходниот месец.

### Член 3

(1) Месечниот извештај за работењето на депозитар што се доставува до Комисијата за хартии од вредност задолжително содржи:

1. Назив и седиште на депозитарот кој го доставува месечниот извештај за работа;
2. Назив на документот (извештајот) кој се доставува до Комисијата;
3. Месец и година за која се однесува извештајот;
4. Вкупно остварени приходи на депозитарот кој доставува извештај до Комисијата;
5. Остварен вкупен приход по тарифник на депозитар по видови работи кои ги извршува, согласно регистрацијата од Централниот регистар и решението за дозвола за работа на депозитар, издадено од Комисијата и тоа:
    - 5.1. Остварени приходи од услуги на депозитар за учесниците во неговата работа и корисниците на неговите услуги;
        - 5.1.1. Приходи од членарина за пристап во системот на депозитарот на учесниците во неговата работа и корисниците на неговите услуги;
        - 5.1.2. Приходи од членарина за пристап во системот на депозитарот од страна на учесниците во неговата работа во посредувањето при трансакции со хартии од вредност и нивно порамнување;
        - 5.1.3. Приходи од годишен надомест на корисниците на услуги на регистерот на хартии од вредност кој се води во нематеријален облик;

5.1.4. Приходи од годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на хартии од вредност во системот на депозитарот;
5.1.5. Приходи од надоместоци за извршени услуги од депозитарот по барање на издавачот (корпоративни дејствија) и
5.1.6. Приходи од надоместоци за упис на нова емисија на хартии од вредност.
5.2. Остварени приходи од надомест за посреднички услуги на депозитар во постапка на утврдување и порамнување помеѓу учесниците во работата на депозитар и НБРМ;
5.3. Остварени приходи од надоместоци за извршени услуги на депозитар во постапка на нетрговски преноси на хартии од вредност;
5.4. Остварени приходи од останати услуги што ги врши депозитарот.
6. извршено пребивање и порамнување во депозитарот и тоа:
6.1. остварен промет врз основа на извршени порамнувања на трансакции со обврзници, во денари и број на обврзници,
6.2. остварен промет врз основа на извршени порамнувања на трансакции со акции во денари и број на трансакции,
6.3. остварен промет врз основа на извршени порамнувања на трансакции со акции на државата во денари и број на трансакции;
7. податоци за остварените приходи за пристап на учесникот;
8. податоци за остварените приходи за водење сметки на сопствениците на хартиите од вредност;
9. податоци за остварените приходи по основа на нетрговски пренос на хартиите од вредност во извештајниот период;
10. податоци за остварените приходи од останати услуги;
11. број на отворени нови сметки на сопствениците на хартиите од вредност во извештајниот период;
12. број на акционерски друштва чии електронски записи на акционерски книги во извештајниот период се симнати (отстранети) од системот на депозитарот заради стечај, ликвидација, промена на организацијата и други причини;
13. број на акционерски друштва чии електронски записи на акционерски книги во извештајниот период се внесени за прв пат во системот на депозитарот;
14. други податоци кои депозитарот ќе оцени дека се релевантни за извештајниот период.

(2) Депозитарот на хартии од вредност известувањето го изготвува во интегрална форма и истото не содржи дополнителни рачно внесени податоци.

(3) Известувањето на депозитарот на хартии од вредност кое се доставува до Комисијата за хартии од вредност во писмена и електронска форма е идентично во двете форми на доставување.

## Член 4

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегувањето во сила на Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на депозитар на хартии од вредност (Службен весник на РМ број 6/2007) престанува да важи Упатството за содржина на месечниот извештај за работењето на Централен депозитар за хартии од вредност кој се доставува до Комисијата за хартии од вредност бр. 03-35/1 од 15-01-2003 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2003).

## Член 5

Овој правилник ќе се објави на веб страната на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.